**Граѓанските организации и неформалните групи проактивно да се вклучат во подготовката на локалните политики**, беше една од главните препораки на дебатата „Учеството на граѓанските организации во руралните средини и соработката со локалната администрација“. Таа се организираше во рамки на средбата на Мобилниот ресурсен центар со организациите во Теарце на 11 февруари.




Во дискусијата се вклучија 10 учесници, кои истакнаа дека **треба да се зајакне меѓусебната солидарност и вмрежување на формалните и неформалните организации на локално ниво**
.

Еден од главните предизвици со кои се соочуваат се **недоволно искористените начини**

**на консултација и соработка помеѓу локалните институции и граѓанскиот сектор**
. Освен тоа,
**населението не е доволно запознаено со влијанието на организираните форми**
врз подобрувањето на севкупниот живот во руралните средини, за што е потребно да се зајакнат нивните знаења и вештини.

**Соработката со бизнис секторот и пристапот до фондови во руралните средини**
исто така претставува поле на интерес на организациите од овој регион. Оттука, произлегува и главната препорака на средбата за поголема соработка на граѓанските здруженија од населените места.

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.